“ЕДИНСТВО“ А.Д. КОНФЕКЦИЈА И ТРИКОТАЖА СТРУМИЦА
УЛ. ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ БР. 62
ТЕЛ. 034/321-402, ФАКС 034/344-712
e-mail: edinstvosr@yahoo.com
web: www.edinstvosr.com

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

кон резултатите на друштвото за периодот од 01.01.2023 - 30.09.2023

и проценка на менаџментот за влијанието на моменталната состојба врз работењето на друштвото

1. Во извештајниот период, Група АД „Единство“ - Струмица нема промени во сметководствените политики. Тие се применуваат козистентно во текот целата година за кој се однесува извештајот, исто како и во претходниот период.

2. Во периодот од 01.01.2022 - 30.09.2022 година, и периодот од 01.01.2023 - 30.09.2023 година, друштвото ги оствари следните приходи:

| Вид на приход | 2022 | 2023 | индекс |
|---|---|---|---|
| Приходи од домашен пазар | 7,654 | 606 | 8 |
| Приходи од странски пазар | 24,868 | 37,001 | 149 |
| Останати приходи | 2,335 | 2,251 | 96 |
| Финансиски приходи | 5 | 92 | 1,683 |
| Вкупно приходи | 34,863 | 39,950 | 115 |

Според горенаведената табела, приходите од домашен пазар на друштвото се намалени главно поради добивање на тендер на домашниот пазар во претходната година. Понатаму, приходите од странскиот пазар се зголемени за 49%. Кај останатите приходи постои намалување на приходите.

| Учество на приходите во проценти | Износ | Процент |
|---|---|---|
| Приходи од домашен пазар | 606 | 2 |
| Приходи од странски пазар | 37,001 | 93 |
| Останати приходи | 2,251 | 6 |
| Финансиски приходи | 92 | 0 |
| Вкупно приходи | 39,950 | 100 |

Компанијата е ориентирана кон т.н. ЛОН-систем поради кое, според структурата на застапеност на приходите, во вкупните приходи најголемо учество имаат приходите од странскиот пазар и тие учествуваат со 93 %, приходите од домашен пазар со 2% и други приходи со 5 %.

3. Во периодот од од 01.01.2022 - 30.09.2022 и 01.01.2023 - 30.09.2023 година, друштвото ги оствари следните расходи:

| Вид на расход | 2022 | 2023 | индекс |
|---|---|---|---|
| Суровини, материјали, резервни делови | 5,576 | 3,359 | 60 |
| Услуги | 2,701 | 3,284 | 122 |
| Плати | 20,758 | 24,404 | 118 |
| Останати трошоци | 3,286 | 89,626 | 2,727 |
| Финансиски трошоци | 3,465 | 279 | 8 |

Според горенаведената табела, трошоците за суровини, материјали и резервни делови се намалиле за 40%, услужните трошоци се зголемиле за 22%, трошоците за плати се зголемиле за 18%, заедно со финансиските трошоци.

За подобрување на машинскиот парк, во текот на извештајниот период, компанијата има извршено инвестиции, односно купено машини за шиење во износ од 2.017 илјади денари. Во текот на истиот период, компанијата ги има продадено во целост земјиштето и градежните објекти со кои поседуваше. Поради разликата која се јавува помеѓу продажната вредност и сегашната вредност од продажбата, компанијата има искажано загуба од продажба на недвижен имот, во износ од 84.713 илјади денари.

Финансискиот резултат за тековниот период е негативен